РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4903/4
06-06-2024

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението 8-тата седница одржана на ден 01.08.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-4903/1 од 15.11 2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-4903/1 од 15.11 2021 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ·страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-4903/1 од 15.11 2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ------------------------------- во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на управен одбор на ---------------------------------------, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10..2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1, 4, 7 и 9 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не можеда се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во конкретниот случај, престанокот на лицето ----------------------------- за член на управен одбор на --------------------------------- на ден 30.07.2021 година и согласно со чл.82 ст 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанокот, односно до 30.08.2021 година, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека од денот на издавање на прекршочниот платен налог се изминати повеќе од две години а не е превземено дополнително дејствие за гонење на сторителот настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Б. С. советник
Одобрил: м-р Б.К.Ш. член на ДКСК

Претседател,

Татјана Димитровска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk